Томе Трајков



# НОВ СВЕТСКИ ПОРЕДОК

## Увод

Откако навлезе во нуклеарниот период, светот е зафатен со незапаметени промени. Никогаш порано човештвото не поминувало низ толку и таква разиграна динамика во својата историја. Сведоци сме дека на повидок е нов светски поредок, нова револуција - освојување на материјата и просторот...

Меѓутоа, овие брзи и коренити промени многу бргу го покажаа своето вистинско лице - се виде дека тие се опасни за луѓето. Секој од нас се прашува каде јури овој свет? Дали утрешниот ден ќе биде подобар од денешниот? Дали навистина идејата за нов светски поредок ќе донесе мир, просперитет и подобар живот на оваа земја? - Прашања на кои ќе се потрудиме да дадеме одговор.



„Така и вие, кога ќе го видите сето тоа, знајте дека е близу, на прагот е!“

Идејата за нов светски поредок кружи низ светот повеќе години. За тоа можеме да читаме во дневниот печат, да слушаме на радио и ТВ, а исто така за него јавно зборуваат политичарите, водачите и другите луѓе од јавниот живот. На сите им е интересна оваа тема. Луѓето како да се уморни и заситени од стилот на сегашниов живот и бараат нешто ново, бараат промени.

Секако, за ова има причина, бидејќи постојано слушаме за војни, за глад, за криминал, за финансиски шпекулации и проневери. Луѓето се сити од таквиот живот и навистина сакаат нешто подобро.

Исус со своето пророчко око го видел нашето време и опасностите што ги носи тоа со себе. „Зашто вистина ви велам дека многу пророци и праведници посакуваа да го видат она што го гледате вие, а не го видоа; и да го слушнат она што го слушате вие, а не го слушнаа.“ „Така и вие, кога

ќе го видите сето тоа, знајте дека е близу, на прагот е! Вистина ви велам, ова поколение нема да мине додека не се збидне сето тоа. Небото и земјата ќе поминат, но моите зборови нема да поминат“ (Матеј 13,17; 24,33-35).

За што зборува Исус овде? Што е тоа што мнозина во минатото сакале да го видат? Што е тоа што, кога ќе го видиме, треба да знаеме дека е на прагот? - Исус овде зборува за исполнување на пророштвата поврзани со последното време. А ние живееме токму во тој временски период.

Како христијани, ние не сме против многубројните добри идеи и обиди да се подобрат условите за живот на оваа земја. Не, туку нас нè загрижува скриената агенда за новиот светски поредок! Затоа Исус ни советува да бидеме претпазливи и мудри.



Џорџ Буш - „Величествена идеја! Нов светски поредок! Разни нации ќе се обединат за заеднички цели... Само САД имаат моќ да ги соберат!“

Прв човек кој неодамна јавно ја изнесе идејата за нов светски поредок беше поранешниот американски претседател Џорџ Буш. Во февруари 1991 година тој ја даде следната изјава:

„Величествена идеја! Нов светски поредок! Разни нации ќе се обединат за заеднички цели... Само САД имаат моќ да ги соберат!“

„Сакале или не, биле подготвени или не, сите ние сме вклучени во тој процес... Тоа е натпревар во кој секој се обидува прв да воспостави прва светска влада каква што никогаш не постоела на светот. Кој ќе поседува двојна сила, двоен авторитет, да владее и да ги контролира поединците и сите нас како општество?“ (Malachi Marthin, The Keys of His Blood, 15).

Која е целта на новиот светски поредок? Зошто во последно време сè почесто се споменува изразот „нов светски поредок“?

Целта на новиот светски поредок е да воспостави: една светска религија, една светска влада, еден светски закон, една светска банка (една монета) и глобализам (интернет - брза комуникација).

Во идејата за нов светски поредок постои желба да се наметне сила која ќе го контролира целиот свет. Таа сила ќе се обиде да го контролира светот на подрачјето на економијата, религијата, правосудството и политиката. Ако малку подлабоко навлеземе во суштината на овој проблем, ќе забележиме како полека се реализираат овие цели.

## Библијата и новиот светски поредок

Дали Библијата зборува за новиот светски поредок? Дали Исус некогаш го споменал она што се случува денес во светот? Во Библијата директно не можеме да ги пронајдеме зборовите „нов светски поредок“, но сепак, таа зборува за неговата содржина. Библијата кажува дека владетелите ќе изнемоштат и дека земјата ќе биде преполна со насилство. „Земјата ќе биде запустена, сосем ограбена, зашто Господ реши така. Земјата тажи, венее, светот гине, згаснува, небото пропаѓа со земјата. Земјата е онечистена под своите жители, зашто го престапија Законот, ја изгазија одредбата... Затоа проклетство ја проголтува земјата, нејзините жители се виновни“ (Исаија 24,3-6).

Библијата ни кажува дека луѓето ќе бидат уморни од сето она што ќе се случува на оваа земја. Од друга страна, таа нагласува дека Исусовото второ доаѓање е единственото решение за човечките маки и проблеми. Со второто Исусово доаѓање ќе отпочне вистинскиот нов светски поредок, бидејќи единствено и конечно решение за оваа планета е Исус.

## Библијата и стариот светски поредок

Како што нагласивме на почетокот, идеја за нов светски поредок е желбата да се контролира. Таа желба за контрола постоела отсекогаш. Отсекогаш постоел обид некој да ја



Идеја за нов светски поредок е желбата да се контролира.

стави нашата планета под своја контрола. Некој сака да му ја одземе власта на Бога и да си ја присвои за себе. Читаме во Евангелието според Лука 4,5-8: „И го одведе (сатаната Исуса) на високо и му ги покажа, во еден миг, сите царства на светот и му рече ѓаволот: 'Ќе ти ја дадам сета власт и сета нивна слава, зашто мене ми е предадена и јас ја давам кому што сакам. Затоа, ако ми се поклониш, сè ќе биде твое.'"

Сатаната му ветил на Исуса ,,власт и слава", ако му се поклони. Секако, Исус тоа не го прифатил. Сатаната настојувал Исуса да го стави под своја контрола. Тој сакал да доминира над него, но Исус не се потчинил, не се поклонил. Меѓутоа, она што не успеал да го постигне кај Исуса, ѓаволот со сите сили се труди да го постигне денес кај светските водачи и влијателни луѓе... Тој дејствува притаено и мошне претпазливо и лукаво бидејќи е длабоко свесен оти нема да биде прифатен како господар ако работи отворено. Затоа неговата стратегија вклучува посредници преку кои ќе ја покаже својата сила. Негова непреодолива желба е да го контролира светот. Суштината на новиот светски поредок е борба за стратешка доминација - политичка, воена, економска, верска... Кој ќе владее со светот?



Прв човек кој се побунил против Бога бил првиот син на Адама, Каин.

# *Вавилон - симбол на новиот светски поредок*

Прв човек кој се побунил против Бога бил првиот син на Адама, Каин. Откако го убил својот брат, Бог го проколнал за никогаш да нема мир, да бега и да се крие. Но тој подигнал град. „Каин ја позна својата жена, па таа зачна и го роди Еноха. Тој соѕида град и градот го нарече според името на својот син - Енох“ (1. Мојсеева 4,17). Градејќи го овој град, Каин се обидел да ги осуети Божјите намери. Неговото штетно влијание се пренело и на неговото потомство, а преку потомството и на целата планета.



Со изградбата на вавилонската кула Нимрод се обидел да го измени Божјиот план според кој луѓето требало да не се концентрираат на одделни места, туку да се растурат и да ја населат сета земја.

Тоа бунтовно влијание било толку силно, што Бог морал да интервенира, да го уништи целиот претпотопен свет. Но сатаната го преживеал потопот и продолжил со својот пеколен план, подгревајќи кај потомците на Ное бунтовен дух против Бога.

Во 1. Мојсеева 10,8-10 читаме: „Од Хус се роди и Нимрод, кој стана прв велемоќник на земјата. Тој беше добар ловец пред Господа. Затоа се вели: ’Голем ловец пред Господа, како Нимрод!‘ Во почетокот тој царуваше над Вавилон, Ерех, Акад и Халне.“

Овде се споменува човек по име Нимрод. Библијата за овој човек не зборува многу, но она што е запишано за него е доволно да дознаеме за неговиот карактер. Што се случило?

„Ама кога луѓето се преселија од исток, најдоа рамница во Сенарската земја и се населија таму. И си рекоа еден на друг: ’Ајде да направиме плитари и да ги испечеме во оган!‘ Плитарите им беа место камен, а смолата место кал. Тогаш

рекоа: ’Ајде да изградиме град и кула, со врв до небото! Да си спечалиме име, за да не се распрснеме по целата земја!’“ (1. Мојсеева 11,2-4).

По потопот потомците на Ное останале во планините на Арарат (Ерменија). Но, кога се намножиле, тие морале да ја напуштат таа земја, барајќи подобри услови за живот. Зборувале еден јазик, и како номади се упатиле кон исток, барајќи подобри пасишта за својот добиток. Бидејќи земјата била многу добра, тие почнале да сеат жито и да градат куќи. И тогаш Нимрод стапува на сцената. Библијата го нарекува „добар ловец“. Веројатно во тоа време таму имало многу диви животни кои претставувале опасност за луѓето (в. 2. Мојсеева 23,29-30). Нимрод се покажал како добар ловец и како добар градител.

Тој изградил четири града. Еден од нив бил Вавилон, што значи „збрка“. Името Нимрод значи: „бунтовник“. Во оригиналот изразот „добар ловец пред Господа“ има негативно значење. Септуагинта го преведува како „добар ловец против Господа“. Под раководство на Нимрода општеството прераснало од патријархат во монархија.

Нимрод, како и Каин и Навуходоносор во Вавилон, кој му се противел на Бога (Даниел 4,30), решил да изгради град, пркосејќи му на Бога. Во еврејската енциклопедија пишува: „Нимрод ги подбунувал луѓето против Бога.“ Со изградбата на вавилонската кула Нимрод се обидел да го измени Божјиот план според кој луѓето требало да не се концентрираат на одделни места, туку да се растурат и да ја населат сета земја. Вавилонската кула била полна со идолопоклонички храмови каде што луѓето обожавале свои идоли.



Уште од времето кога сатаната успеал да ги прелаже нашите прародители и да ја „украде“ оваа планета од Бога, тој настојува да го контролира светот и народите во него.

Уште од времето кога сатаната успеал да ги прелаже нашите прародители и да ја „украде“ оваа планета од Бога, тој настојува да го контролира светот и народите во него. Тој ги користи луѓето, како на пример, Каина, Нимрода, Навуходоносора, политичарите, црковните водачи..., не бирајќи при тоа начини и средства за да ја постигне својата цел. Во текот на целата историја можеме да видиме непрекратна борба меѓу Христа и сатаната. Колку повеќе се приближуваме кон второто Христово доаѓање, оваа борба станува сè пожестока. Новиот светски поредок всушност е осовременување на стариот светски поредок. Денес се употребуваат нови, современи методи, но со иста цел - да се оневозможи Божјата контрола над земјата, да се присилат луѓето да го одберат сатаната а не Бога за свој господар.

## *Месии и исцелители*

Бог, кој ја познава иднината, ги предупредува луѓето на овој свет дека пред второто Христово доаѓање ќе настапи тешко време кое збунува. Ќе се појават такви опасности, што тешко ќе можат да се препознаат и отфрлат. Меѓу другото, ќе се појават лажни спасители и исцелители. „Тогаш, ако некој ви рече: ’Еве, Христос е тука‘ или ’таму е‘, не верувајте, зашто ќе се појават лажни христоси и лажни пророци, и ќе прават големи знаци и чуда, за да ги заведат, ако е можно, и избраните“ (Матеј 24,23-25).



„... ќе се појават лажни христоси и лажни пророци, и ќе прават големи знаци и чуда, за да ги заведат, ако е можно, и избраните“.

Со помош на знаци и чуда, лажните пророци и месии ќе се обидат да ги прелажат народите и тоа не само наивните, туку и одбраните. Што значи тоа? Тоа значи дека и најмудрите и најрелигиозните луѓе можат да бидат прелагани. Дури и

духовните водачи можат да бидат фатени во таа стапица.

Пред второто Христово доаѓање ќе се појават лажни месии и исцелители. Најголема опасност кај лажните месии е таа што тие вистината ја мешаат со лага. Тоа е како зашеќерен отров, кој лесно се голта, но сепак е смртоносен. Тоа е најдобрата сатанска мамка за да ги прелаже луѓето.

Се поставува прашање како да се сочуваме од овие лаги? Како можеме да знаеме дека некој водач на некое движење е лажен месија, култ или вистински Божји пророк?

## *Знаци на препознавање*

„Пазете се од лажните пророци кои ви доаѓаат во овча облека, а внатре се грабливи волци. Ќе ги препознаете по нивните плодови. Се бере ли грозје од трње, или смокви од чичка? Па така, секое добро дрво раѓа добри плодови, а лошото дрво раѓа лоши плодови. Не може добро дрво да дава лоши плодови, ниту лошо дрво да дава добри плодови... Значи, ќе ги препознаете по нивните плодови.

Не секој што ми вели: ’Господе, Господе!‘ ќе влезе во небесното царство, туку оној кој ја врши волјата на мојот Татко кој е на небесата. Мнозина ќе ми речат во оној ден: ’Господе, Господе, не пророкувавме ли во твое име, не изгонувавме ли демони во твое име и не правевме ли моќни чуда во твое име?‘ А тогаш јас ќе им изјавам: ’Никогаш не сум ве познавал. Одете си од мене, вие, кои правите беззаконие!‘

И така, секој кој ги слуша овие мои зборови и ги исполнува, ќе биде спореден со разумен човек кој ја изградил својата куќа врз карпа. И заврна пороен дожд, надојдоа реки, дувнаа ветрови и нагрвалија на куќата, но таа не се разурна, зашто беше втемелена врз карпа. А секој, кој ги слуша овие мои зборови, а не ги исполнува, ќе биде спореден со безумен човек“ (Матеј 7,15-26).

Во овие стихови Исус зборува за знаците на препознавање на лажните пророци, месии и исцелители. Тој е заинтересиран за нас и не сака ниту еден од нас да биде прелаган. Исус вели: „Ќе ги препознаете по нивните плодови.“ За какви

плодови станува овде збор? Секако, за нивниот начин на живеење. Дали тие лица живеат според Божјата реч или спротивно на нејзините начела? Од 22. стих се гледа дека тие лица можат да прават чуда, да лекуваат, да пророкуваат, а сепак да бидат лажни месии. Ние треба да се запознаеме со таквите лица и да видиме дали тие живеат според принципите на Светото писмо.



Исус вели: „Ќе ги препознаете по нивните плодови.“ За какви плодови станува овде збор?

Следбениците на култовите почнуваат да обожаваат човек наместо Христа. Човекот станува месија, замена за Исуса. Често следбениците на култовите применуваат сила или одреден вид притисок, одземајќи им го на тој начин на луѓето правото на избор.

Бог нè предупредува: „Зашто таквите луѓе се лажни апостоли, измамливи работници кои се преправаат во Христови апостоли. И не е чудно, зашто и самиот сатана се преправа во светлосен ангел. Тогаш, не е ништо големо ако и неговите слуги се преправаат во слуги на правдата. Но нивниот крај ќе им биде според нивните дела“ (2. Коринќаните 11,13-15).

Кој стои зад овие чуда и исцелувања? Првото чудо се случило во Едемската градина. Змијата проговорила (в. 1. Мојсеева 3,1-5). Кој зборувал преку змијата? Сатаната! Тој знаел дека луѓето се многу чувствителни на чуда. Ева на тоа паднала. На ист начин луѓето паѓаат и денес.

„И видов како од устата на ламјата, од устата на ѕверот и од устата на лажниот пророк излегуваат три нечисти духа како жаби; имено, тоа се демонски духови кои прават чуда и одат кај царевите на целиот свет за да ги соберат за војна во великиот ден на семоќниот Бог“ (Откровение 16,13-14).

Библијата споменува религиозно тројство, три нечисти духа кои се здружуваат правејќи чуда, приготвувајќи ги лу-

ѓето за завршната битка. Овие нечисти духови се инспирирани со демонски сили. Сатанските чуда ќе бидат слични на Исусовите и ќе биде многу тешко да се разликуваат. Сите кои денес се во служба на сатаната, преку кои тој прави чуда, на крај ќе доживеат големо разочарување и вечна смрт.

## *Второто Христово доаѓање и новиот светски поредок*

Веќе рековме дека новиот светски поредок е движење кое има за цел да го направи овој свет место „за подобро живеење". За да го постигнат тоа, водачите на ова движење планираат да воспостават една светска религија, една светска влада, едена светска валута и еден светски закон. При ова настојување водачите ќе се обидат да ја преземат контролата над светот и луѓето. Споменавме дека тие се подготвени да употребат и сила над оние кои нема да ги прифатат нивните барања. Рековме дека сатаната ќе употреби и многу лажни чуда сè со цел да ги прелаже луѓето, „ако е можно и избраните".

Библијата зборува за новиот светски поредок. Таа кажува дека тој поредок на мир и среќа ќе се оствари дури кога Исус ќе дојде по вторпат.

Џон Ленон, пеач во групата „Beatles", кој бил убиен на 8 декември 1980 година во Њујорк, неколку месеци пред својата смрт ја пеел песната под наслов „Замисли". Во таа песна тој замислува свет каде што луѓето ќе бидат сите едно и сите среќни.



Кој стои зад овие чуда и исцелувања? Првото чудо се случило во Едемската градина. Змијата проговорила.

*Песната на Џон Ленон   Imagine" (Замисли)*

„Замисли дека нема небо,
Лесно е ако се обидеш.
Нема пекол под нас,
А над нас - само небо.
Замисли ги сите леѓе
Како живеат за денес.

Замисли свет без сопственост,
Се прашувам дали можеш,
Нема потреба од грабеж ниту има глад.
Заедница на сите луѓе
Во единствен свет.

Можеби ќе кажеш дека сонувам,
Но јас не сум сам.
Се надевам дека еден ден ќе ни се придружиш
И цел свет ќе биде како еден!“

Водачите на новиот светски поредок даваат лажна надеж во подобро утре бидејќи начинот на кој владеат го турка светот во поголем понор. Тие велат: „Не грижете се, сè е под контрола.“,,Кога ќе велат: 'Мир и безбедност‘, тогаш ненадејно ќе падне погибел врз нив, како породилни маки врз бремена жена, и не ќе можат да избегаат. Но вие, браќа, не сте во темнина та денот да ве затече како крадец“ (1. Солуњаните 5,3.4).

Џон Ленон, и многу други, не знаеле дека Библијата зборува за новиот светски поредок, но на еден сосем поинаков начин. Новиот светски поредок ќе отпочне кога Исус ќе дојде по вторпат. „Очекувајќи ја блажената надеж и славното јавување на нашиот семоќен Бог и Спасител, Исус Христос“ (Тит 2,13).

Како кислородот што е неопходен за нашите бели дробови, на нашата напатена душа ѝ е неопходна надеж. Нема подобро утре без Исуса Христа.

## Ново небо и нова земја

„И видов ново небо и нова земја, зашто првото небо и првата земја поминаа и море нема веќе. Тогаш јас, Јован, го видов светиот град, новиот Ерусалим, како слегува од небото, од Бога, стокмен како невеста, украсена за својот маж... И Тој (Бог) ќе живее со нив, и тие ќе бидат негов народ, и сам Бог ќе биде со нив, и ќе избрише секоја солза од нивните очи, и смрт нема да има веќе, ни тага, ни плач, ниту болка, зашто првото помина. И Оној што седи на престолот, рече: 'Ете, правам сè ново'" (Откровение 21,1-5).



„И видов ново небо и нова земја, зашто првото небо и првата земја поминаа и море нема веќе. Тогаш јас, Јован, го видов светиот град, новиот Ерусалим..."

На новата земја луѓето нема да си споменуваат за проблемите и маките со кои се среќаваат денес. Проблемите со судовите, неправдите на работа, во домот и на улица, засекогаш ќе бидат минато. Во сите овие стихови се споменува зборот „нема, нема". Нема веќе смрт, болест, солзи, жалост, убиства, неправди... Ќе бидат отстранети сите негативности од нашиот живот.



„А ние, според неговото ветување, очекуваме нови небеса и нова земја каде што суштествува праведност."

„А ние, според неговото ветување, очекуваме нови небеса и нова земја каде што суштествува праведност" (2. Петрово 3,13). Дури тогаш, кога Бог ќе создаде

нова земја, ќе се потврди сонот на Џон Ленон за земја на мир, еднаквост и среќа. Дури тогаш идејата за нов светски поредок во целост ќе биде остварена. Нема подобар живот без Исуса Христа. Ние на оваа земја престојуваме привремено и очекуваме подобро утре.

За време на својот претседателски мандат, Франклин Рузвелт отишол на лов во сафарите на Африка. По извесно време поминато во лов, се враќал дома со брод. Во Соединетите Држави на претседателот му бил приреден величествен пречек. Во пристаништето имало собрано многу народ, од построена почесна гарда, музичари, па сè до многубројни љубопитни посматрачи.

Во истиот брод патувал и еден мисионер кој повеќе години верно работел во Африка и сега се враќал дома. Работејќи како мисионер, тој ја загубил својата жена која се разболела од тешка болест и умрела. Сега се враќал дома сам.

Кога бродот пристигнал во пристаништето, Рузвелт бил пречекан со музика и песна. Илјадници луѓе излегле и го опсипале со почести, а на мисионерот никој не му посакал добредојде. Така обесхрабрен и разочаран, тој отишол во својата скромна куќа и со солзи во очите се молел на Бога: „Боже, моите најдобри години ги жртвував работејќи за тебе. Останав и без жена. Мене никој не ме пречека. Немам никого.“ Во темната соба тој ја почувствувал Божјата рака на своето рамо и го слушнал шепотот: „Драги мој пријателе! Ти сè уште не си стигнал дома. Издржи уште малку!“



„А кога ќе отидам и ви приготвам место, пак ќе дојдам и ќе ве земам кај себе, за да бидете и вие таму каде што сум Јас.“

Наскоро Исус ќе дојде и сите ние ќе бидеме во нашата нова, вечна куќа. „А кога ќе отидам и ви приготвам место, пак ќе дојдам и ќе ве земам кај себе, за да бидете и вие таму каде што сум јас“ (Јован 14,1-3). Потребно

е да издржиме уште малку до неговото доаѓање. Тој нема да нѐ заборави. Тој ни приготвува нешто прекрасно, нешто „што око не видело, што уво не чуло и во човечко срце не дошло“, и ќе нѐ одведе кај себе, и ние да бидеме таму каде што е Тој!



Издава: **АИК „Знаци на времето“, ул. Влае 42 - 1001 Скопје**
За издавачот: **Михајло Гурев**
Одговара: **авторот**

**ДОПИСНА БИБЛИСКА ШКОЛА**
Бесплатен курс за проучување на Библијата по дописен пат




SMS
Лекциите можете да ги порачате и преку SMS!
**Како? Лесно!** Вашите податоци (име, презиме и адреса) + кратенката **DBS** (за Дописна Библиска Школа), испратете ги како SMS порака на тел.: **071/569 076**

ПОРАЧКА

Име и презиме

Адреса и пошт. број

Ако сакате да ги порачате првите лекции по пошта, ставете ја порачкава во плик и пратете ја на адреса: **„Дописна Библиска Школа“, поштенски фах 215 - 1001 Скопје**